ФФМ

**ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА**
**НА МАКЕДОНИЈА**

# МАКФУДБАЛ

## СТРУЧНО - ИНФОРМАТИВЕН ЛИСТ НА ФФМ

**БРОЈ** 51 **ДАТА** 20.XII.2017 **ГОДИНА** 35

ФФМ **ФУДБАЛОТ НА ПРВО МЕСТО**
ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА

# МАКФУДБАЛ

БРОЈ 51 ДАТА 20.XII.2017 г.


## СОДРЖИНА


- ПРИСТИГАТИ БАРАЊА ОД ОПШТИНСКИТЕ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗИ
- ОДЛУКИ ОД ДИСЦИПЛИНСКАТА КОМИСИЈА НА ФФМ

## ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ ГОСТИВАР

**Седница од 14.12.2017 година**

- **Бришење од регистер:**

Се бриши од евиденција на регистрирани фудбалери при Општинскиот фудбалски сојуз Тетово фудбалерот Османи Л. Миран од Фудбалскиот клуб „Арсими 1973„ од с. Чегране поради преминување со регистрација на територија на друг Општинскиот фудбалски сојуз.

## ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ ТЕТОВО

**Седница од 14.12.2017 година**

- **Раскин на професионален договор:**

Фудбалскиот клуб „Шкендија АД„ од Тетово и фудбалерот Вујциц С. Степхан го раскинаа договорот за професионално занимавање со фудбал, Спогодбено.

- **Бришење од регистер:**

Се бриши од евиденција на регистрирани фудбалери при Општинскиот фудбалски сојуз Тетово фудбалерот Вујциц С. Степхан од Фудбалскиот клуб „Шкендија АД„ од Тетово, поради преминување со регистрација на територија на друг Општински фудбалски сојуз.

**Седница од 18.12.2017 година**

- **Раскин на професионален договор:**

Фудбалскиот клуб „Шкендија АД„ Тетово и фудбалерот Авдили Х. Илир го раскинаа договорот за професионално занимавање со фудбал, Спогодбено.

- **Бришење од регистер:**

Се бриши од евиденција на регистрирани фудбалери при Општинскиот фудбалски сојуз Тетово фудбалерот Авдили Х. Илир од Фудбалскиот клуб „Шкендија АД„ од Тетово поради преминување со регистрација на територија на друг Општински фудбалски сојуз.

## ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ „ГАЗИ БАБА„ СКОПЈЕ

**Седница одржана на ден 19.12.2017 година**

- **Раскин на професионален договор:**

Фудбалскиот клуб „Работнички АД„ од Скопје и фудбалерот Илиев А. Томислав го раскинаа договорот за професионално занимавање со фудбал, Спогодбено.

Фудбалскиот клуб Работнички и фудбалерот Погосјан Вардар го раскинаа договорот за професионално занимавање со фудбал, Спогодбено.

- **Бришење од регистер:**

Се бришат од евиденција на регистрирани фудбалери при Општинскиот фудбалски сојуз „Гази Баба„ фудбалерите: Илиев А. Томислав од Фудбалскиот клуб „Работнички АД„ од Скопје, Стојановски Матеј, Стефковски Матеј и Хаџиќ Макс од Фудбалскиот клуб „Спорт Ефе-Вардар„ од Скопје, поради преминување со регистрација на територија на друг Општински фудбалски сојуз.

## ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ БИТОЛА

**Седница од 19.12.2017 година**

- **Бришење од регистер:**

Се бришат од евиденција на регистрирани фудбалери при Општинскиот фудбалски сојуз Битола фудбалерите: Барбоса Да Силва Ж. Жаделсон и Силва Сантош А. Фернандо од ФК „Пелистер АД„ од Битола, поради преминување со регистрација на територија на друг Општински фудбалски сојуз.

## ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ ЛИПКОВО

**Седница од 11.12.2017 година**

- **Регистрација на фудбалери:**

ФК „ЛИКОВА„ Липково: Артан Јонузи, Арјан Саљији, Бурхан Рамадани, Егзон Исени, Ибрахим Далипи, Амир Весели, Шаип Биљали, Шуајб Шукрија, чл. 35/1.

ФК „ВЛАЗНИМИ„ с. Оризари: Газмир Неџипи, Ринор Нуредини, Реџаиљ Ајдини, Шуајб Насуфи, Фејзи Мемети, Агим Елези, Абдула Јахја, Арбен,Камбери, Исмаиљ Мемети, Шкељзен Мемети, Кујтим Асани, Седат Шерифи, по чл. 35/1.

КМФ „КАРАДАКУ„ с. Липково: Рамадани А. Африм, по член 35/1.

## ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ КАВАДАРЦИ

**Седница од 11.12.2017 година**

- **Регистрација на фудбалери:**

ГФК „ТИКВЕШ 09„ Кавадарци: Бошев В. Јордан, Андонов Д. Ѓорѓи, Рамов З. Борче, Пецов Б. Михаил и Крчов Г. Христијан, по член 35/1.

## ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ СВЕТИ НИКОЛЕ

**Седница одржана на ден 21.11.2017 година**

- **Регистрација на фудбалери:**

КМФ „ОВЛЕ ПОЛЕ 2013„ Свети Николе: Аритон Тодосов и Матеј Наумов, чл. 35/1.

## ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ КУМАНОВО

**Седница од 19.12.2017 година**

- **Регистрација на фудбалери:**

КМФ „ИЛИРЕТ„ Куманово: Мустафи Бесим и Садики Бурим, по член 35/1.

## ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ „КИСЕЛА ВОДА„ СКОПЈЕ

**Седница одржана на ден 19.12.2017 година**

- **Регистрација на фудбалери:**

ФК „КУЛ ЗДРАВЈЕ„ Скопје: Синадиновски Владимир, Сапунџиев Теа, Илиески Давид, Трпковски Љупчо, Јовичиќ Андреј, Јовичиќ Филип, Ралевски Андреј, Тасевски Матеј, по член 35/1.

Стефковски Матеј, Стојановски Матеј, Хаџиќ Макас, Стојчевски Филип од ФК „Спорт Ефе-Вардар„ од Скопје, по член 36/1.

Дисциплинска Комисија

Врз основа на член 116, а вв со член 122 и член 125 од Дисциплинскиот Правилник на ФФМ, Дисциплинската Комисија во состав: Арбен Борова – Претседавач, Мартин Саздов –член, Кармен Цилакова-член, Сашка Зердеска- член и Дејан Бошков –член, постапувајки по пријавата на Комисијата за натпревари бр. 15-2294/1 од 28.11.2017 година против **Кристијан Костовски со ИД 101546**, фудбалер на ФК Македонија Ѓ́П 1932 АД исклучен од натпреварот одигран во рамки на **14 коло Втора МФЛ Запад помеѓу ГФК Гостивар АД и ФК Македонија Ѓ́П 1932** на 25.11.2017 година, поради директен црвен картон, врз основа на член 40 од ДП на ФФМ на седницата одржана на ден 29.11.2017 година ја донесе следната:

## ОДЛУКА

1. На Кристијан Костовски со ИД 101546, фудбалер на ФК Македонија Ѓ́П 1932 АД исклучен од натпреварот одигран во рамки на 14 коло Втора МФЛ Запад помеѓу ГФК Гостивар АД и ФК Македонија Ѓ́П 1932 на 25.11.2017 година, поради груба игра (директен црвен картон) му **СЕ ИЗРЕКУВА дисциплинска мерка забрана на настап на 2(два) првенствени/куп натпревари.**

2. Дисциплинската мерка тече од 26..11.2017 година.

3. Одлуката да се објави во МАКФУДБАЛ.

### Образложение

Дисциплинската комисија постапувајќи по пријавата на Комисијата за натпревари бр. 15-2294/1 од 28.11.2017 година против Кристијан Костовски со ИД 101546, фудбалер на ФК Македонија Ѓ́П 1932 АД исклучен од натпреварот одигран во рамки на 14 коло Втора МФЛ Запад помеѓу ГФК Гостивар АД и ФК Македонија Ѓ́П 1932 на 25.11.2017 година, поради директен црвен картон ги разгледа списите во предметот и тоа: записник од натпреварот, изјава од пријавениот и изјава од главниот судија на натпреварот, дополнителен делегатски извештај и ја утврди следната фактичка состојба:

На ден 25.11.2017 година е одигран натпреварот во натпреварот во рамки на 14 коло Втора МФЛ Запад помеѓу помеѓу ГФК Гостивар АД и ФК Македонија Ѓ́П 1932. Во 90+1 минута од натпреварот фудбалерот на гостинската екипа со бр. 9 бил исклучен од натпреварот од страна на главниот судија, поради груба игра.

Согласно вака утврдената фактичка состојба, Комисијата утврди дека пријавениот сторил прекршок од член 40 од ДП на ФФМ.

Комисијата при одмерување на казната го имаше во предвид член 3 од ДП на ФФМ како и сите олеснителни и отежителни околности кои постојат во конкретниот случај а особено ги имаше во предвид тежината на сторениот прекршок, степенот на одговорност на сторителот, побудите од кои е сторен прекршокот, како и поранешното однесување на сторителот, поради што смета дека и со вака изречена казна може да се постигне целта на казнувањето, по што одлучи како во диспозитивот.

**Дисциплинска Комисија**
**Претседавач**
**Арбен Борова с.р**

**ПРАВНА ПОУКА: Незадоволната страна има право да изјави жалба до Комисијата за жалби на ФФМ, преку оваа комисија во рок од 3 дена од денот на прием на оваа одлука, со уплата на такса во износ од 6.000.00 денари (физички лица)/12.000.00 денари (правни лица) на жиро сметка ФФМ 300000001599760 Комерцијална Банка АД Скопје.**

**ДН:**
Деловоден број 0801- 2294/2

**ФК Македонија Ѓ́П 1932**
**Судиска и натпреварувачка комисија**
**АРХИВА НА ФФМ**
**МАКФУДБАЛ**

Деловоден број 0801- 2294/2

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА
СКОПЈЕ
Бр. 0801-2238/3
07.12.2017 год.

Дисциплинска Комисија

Врз основа на член 116, а вв со член 122 и член 125 од Дисциплинскиот Правилник на ФФМ, Дисциплинската Комисија во состав: Арбен Борова – претседавач, Кармен Цилакова – член, Сашка Зердеска-член, Мартин Саздов - член, постапувајќи по пријавата на Комисијата за натпревари бр. 15-2238/1 од 21.11.2017 против ФК Пелистер АД Битола, поради истакнување на пароли со навредлива содржина од страна на навивачката група на клубот Чкембари и по завршување на натпреварот инцидент со фрлање на предмети помеѓу навивачката група на пријавениот и навивачката група – Комити, на ФК Вардар АД Скопје на натпреварот помеѓу ФК Вардар АД Скопје и ФК Пелистер АД Битола во рамки на 16 коло од Прва МФЛ одигран на ден 19.11.2017 година подведе постапка на 22.11.2017 година, врз основа на член 51 став 1 и 6 од ДП на ФФМ на седницата одржана на ден 07.12.2017 година ја донесе следната:

## ОДЛУКА

**1.** Фудбалскиот клуб ФК Пелистер АД Битола **СЕ КАЗНУВА** со парична казна во висина од 600 (шетсто) Евра, во денарска противвредност на денот на уплатата, поради сторен прекршок од член 51 став 1 и 6 од Дисциплинскиот правилник на ФФМ, на натпреварот помеѓу ФК Вардар АД Скопје и ФК Пелистер АД Битола во рамки на 16 коло од Прва МФЛ одигран на ден 19.11.2017 година.

**2.** **СЕ ЗАДОЛЖУВА** ФК Пелистер АД Битола, по правосилност на оваа одлука да изврши уплата на паричната казна од став 1, на жиро сметка на ФФМ 200002504222317 Стопанска Банка АД Скопје.

**4.** Одлуката да се објави во Макфудбал.

## Образложение

Дисциплинската Комисија постапувајќи по пријавата на Комисијата за натпревари, против ФК Пелистер АД Битола, поради истакнување на пароли со навредлива содржина од страна на навивачката група на клубот Чкембари и по завршување на натпреварот инцидент со фрлање на предмети помеѓу навивачката група на пријавениот и навивачката група – Комити, на ФК Вардар АД Скопје на натпреварот помеѓу ФК Вардар АД Скопје и ФК Пелистер АД Битола во рамки на 16 коло од Прва МФЛ одигран на ден 19.11.2017 година подведе постапка врз основа на член 36 став 1 и 3 и член 38 од ДП на седницата одржана на 22.11.2017 година.

Врз основа на списите во предметот и тоа: Дисциплинска пријава, Записник од натпреварот, дополнителне делегатски извештај, Извештај од Комисија за безбедност на ФФМ, Комисијата ја утврди следната фактичка состојба: На ден 19.11.2017 година во рамки на 16 коло од Прва МФЛ, одигран е натпреварот помеѓу ФК Вардар АД Скопје и ФК Пелистер АД Битола на Арена Филип Втори Македонски. Комисијата утврди од списите во предметот дека за конкретниот натпревар биле превземени подготвителни активности од сите инволвирани страни, посебно од клубот домаќин од причина што истиот има јубилејна важност за клубот и за навивачката група на клубот. Согласно желбата за одбележување на двата поводи, односно 70 години постоење на клубот и 30 години постоење на навивачката група, навивачката група Комити имала подготвено кореографија за одбележување на истите за кој клубот ги известил сите инволвирани, вклучувајки ги сите присутни на состанокот одржан пред натпреварот. Комисијата утврди дека претставниците на клубот домаќин на состанокот одржан пред натпреварот биле известени и им било обрнато внимание дека употребата на пиротехнички средства е забранета и во случај на користење на истите клубот ќе биде пријавен согласно правилниците и пропозициите на ФФМ. Во текот на натпреварот и тоа во 5, 12, 16, 29,33, 37 минута биле употребувани петарди, за во во 47 минута се запалени бакли од страна на навивачката група Комити сместени на Западната трибина. Од палењето настал голем чад поради кој судијата го прекинал натпреварот. Прекинот траел 8 минути. По завршување на натпреварот откако теренот го напуштеле играчите на ФК Пелистер и службените лица, дел од навивачката група Комити постепено влегла на теренот за да поздрават со играчите на клубот домаќин кои сеуште биле на терен. По симнување на терен навивачката група Комити се упатила кон источната трибина каде што биле сместени навивачите на гостинската екипа-сега пријавена. На источната трибина биле присутни околу 100 навивачи на ФК Пелистер кога се случил инцидент со фрлање шишања помеѓу двете навивачки групи. Физички контакт помеѓу двете групи бил спречен од страна на полицијата и редарската служба.

Дисциплинската комисија врз основа на вака утврдената фактичка состојба, оцени дека е направен прекршок согласно одредбата од член 51 став 1 и 6 од Дисциплинскиот Правилник на ФФМ. Комисијата при одмерување на казната согласно член 3 од Дисциплинскиот правилник, ги зема во предвид сите олеснителни и отежителни околности што постојат во конкретниот случај, и од причина што од направените прекршоци не настанале и не биле предизвикани штетни последици, утврди дека постојат олеснителни околности и дека и со ублажена казна може да се постигне целта на казнувањето, по што изрече казна согласно член 3 како во диспозитивот.

**Фудбалска Федерација на Македонија**
**Дисциплинска Комисија**
**Претседавач**
**Арбен Борова с.р**

**ПРАВНА ПОУКА: Незадоволната страна има право да изјави жалба до Комисијата за жалби на ФФМ, преку оваа комисија во рок од 3 дена**

Деловоден бр. 0801-2238/3

**од денот на прием на оваа одлука, со уплата на такса во износ од 6.000.00 денари (физички лица)/12.000.00 денари (правни лица) на жиро сметка ФФМ 300000001599760 Комерцијална Банка АД Скопје.**

**ДН:**

**Ф.К. Пелистер АД Скопје**
**АРХИВА НА ФФМ**
**Макфудбал**
**Натпреварувачка**
**Судиска**

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА
СКОПЈЕ
Бр. 0801-2239/3
07.12 2017 год.

Дисциплинска Комисија

Врз основа на член 116, а вв со член 122 и член 125 од Дисциплинскиот Правилник на ФФМ, Дисциплинската Комисија во состав: Арбен Борова – претседавач, Кармен Цилакова – член, Сашка Зердеска-член, Мартин Саздов - член, постапувајки по пријавата на Комисијата за натпревари бр. 15-2239/1 од 21.11.2017 против ФК Вардар АД Скопје, поради слаба организација – користење пиротехнички средства (бакли и петарди), извикување на слогани со навредлива содржина од страна на навивачката група на клубот - Комити и по завршување на натпреварот инцидент со фрлање на предмети помеѓу навивачката група на пријавениот и навивачката група – Чкембари, на ФК Пелитер АД Битола на натпреварот помеѓу ФК Вардар АД Скопје и ФК Пелистер АД Битола во рамки на 16 коло од Прва МФЛ одигран на ден 19.11.2017 година, врз основа на член 51 став 1 и 5 од ДП на ФФМ, на седницата одржана на 22.11.2017 година поведе дисциплинска постапка, а на седницата одржана на ден 07.12.2017 година ја донесе следната:

## ОДЛУКА

**1.** Фудбалскиот клуб ФК Вардар АД Скопје **СЕ КАЗНУВА** со парична казна во висина од 1.500 (илјада и петсто) Евра, во денарска противвредност на денот на уплатата, поради сторен прекршок од член 51 став 1 и 5 од Дисциплинскиот правилник на ФФМ, на натпреварот помеѓу ФК Вардар АД Скопје и ФК Пелистер АД Битола во рамки на 16 коло од Прва МФЛ одигран на ден 19.11.2017 година.

**2.** **СЕ ЗАДОЛЖУВА** ФК Вардар АД Скопје, по правосилност на оваа одлука да изврши уплата на паричната казна од став 1, на жиро сметка на ФФМ 200002504222317 Стопанска Банка АД Скопје.

**4.** Одлуката да се објави во Макфудбал.

## Образложение

Дисциплинската Комисија постапувајки по пријавата на Комисијата за натпревари, против ФК Вардар АД Скопје, поради слаба организација – користење пиротехнички средства (бакли и петарди), извикување на слогани со навредлива содржина од страна на навивачката група на клубот - Комити и по завршување на натпреварот инцидент со фрлање на предмети помеѓу навивачката група на пријавениот и навивачката група – Чкембари, на ФК Пелитер АД Битола на натпреварот помеѓу ФК Вардар АД Скопје и ФК Пелистер АД Битола во рамки на 16 коло од Прва МФЛ одигран на ден 19.11.2017 година, врз основа на член 51 став 1 и 5, член 36 став 1 и 3, член

38 од ДП на ФФМ, на седницата одржана на 29.11.2017 година поведе дисциплинска постапка.

ФК Вардар АД Скопје, на ден 27.11.2017 година, достави изјава во врска со поведената постапка во која наведе дека клубот на конкретниот натпревар славел 70 години постоење на ФК Вардар и 30 години постоење на навивачката група Комити, притоа напоменуваат дека сите присутни биле информирани дека ќе има пиротехничко шоу и кореографија од страна на навивачката група во минутите кои имаат симболично значење за групата и клубот односно 30-минута од натпреварот за 30 години постоење на навивачката група и 70 минута од натпреварот за 70 години од формирањето на клубот и 87 минута – годината во која е формирана навивачката група и 47 минута годината во која е формиран клубот. Во однос на инцидентот по завршување на натпреварот истакнуваат дека дел од навивачката група влегла на терен со цел да прослави со играчите за победата, меѓутоа од необјасниви причини за клубот истите се упатиле кон навивачката група на гостинската екипа која се наоѓала на источната трибиана. Истакнуваат дека поради брзата интервенција на обезбедувањето и полицијата навивачите на нивниот клуб се повлекле кон западната трибина.

Врз основа на списите во предметот и тоа: Дисциплинска пријава, Записник од натпреварот, дополнителне делегатски извештај, Извештај од Комисија за безбедност на ФФМ и Изјава од ФК Вардар АД Скопје, Комисијата ја утврди следната фактичка состојба: На ден 19.11.2017 година во рамки на 16 коло од Прва МФЛ, одигран е натпреварот помеѓу ФК Вардар АД Скопје и ФК Пелистер АД Битола на Арена Филип Втори Македонски. Комисијата утврди од списите во предметот дека за конкретниот натпревар биле превземени подготвителни активности од сите инволвирани страни, посебно од клубот домаќин од причина што истиот има јубилејна важност за клубот и за навивачката група на клубот. Согласно желбата за одбележување на двата поводи, односно 70 години постоење на клубот и 30 години постоење на навивачката група, навивачката група Комити имала подготвено кореографија за одбележување на истите за кој клубот ги известил сите инволвирани, вклучувајки ги сите присутни на состанокот одржан пред натпреварот. Комисијата утврди дека претставниците на клубот на состанокот одржан пред натпреварот биле известени и им било обрнато внимание дека употребата на пиротехнички средства е забранета и во случај на користење на истите клубот ќе биде пријавен согласно правилниците и пропозициите на ФФМ. Во текот на натпреварот и тоа во 5, 12, 16, 29,33, 37 минута биле употребувани петарди, за во во 47 минута се запалени бакли од страна на навивачката група Комити сместени на Западната трибина. Од палењето настал голем чад поради кој судијата го прекинал натпреварот. Прекинот траел 8 минути. По завршување на натпреварот откако теренот го напуштеле играчите на ФК Пелистер и службените лица, дел од навивачката група Комити постепено влегла на теренот за да поздрават со играчите на клубот домаќин кои сеуште биле на терен. По симнување на терен навивачката група Комити се упатила кон источната трибина каде што биле сместени навивачите на гостинската екипа, кога се случил инцидент со фрлање шишања помеѓу двете навивачки групи. Физички контакт помеѓу двете групи бил спречен од страна на полицијата и редарската служба.

Дисциплинската комисија врз основа на вака утврдената фактичка состојба, оцени дека е направен прекршок согласно одредбата од член 51 став 1 и 6 од Дисциплинскиот Правилник на ФФМ. Комисијата при одмерување на казната согласно член 3 од Дисциплинскиот правилник, ги зема во предвид сите олеснителни и отежителни околности што постојат во конкретниот случај, и од причина што од направените прекршоци не настанале и не биле предизвикани штетни последици, утврди дека постојат олеснителни околности и дека и со ублажена казна може да се постигне целта на казнувањето, по што изрече казна согласно член 3 како во диспозитивот.

**Фудбалска Федерација на Македонија**
**Дисциплинска Комисија**
**Претседавач**
**Арбен Борова с.р**

**ПРАВНА ПОУКА: Незадоволната страна има право да изјави жалба до Комисијата за жалби на ФФМ, преку оваа комисија во рок од 3 дена од денот на прием на оваа одлука, со уплата на такса во износ од 6.000.00 денари (физички лица)/12.000.00 денари (правни лица) на жиро сметка ФФМ 300000001599760 Комерцијална Банка АД Скопје.**

**ДН:**

**Ф.К. Вардар АД Скопје**
**АРХИВА НА ФФМ**
**Макфудбал**
**Натпреварувачка**
**Судиска**

ФФМ

Дисциплинска Комисија

Врз основа на член 116, а вв со член 122 и член 125 од Дисциплинскиот Правилник на ФФМ, Дисциплинската Комисија во состав: Арбен Борова – претседавач, Кармен Цилакова – член, Сашка Зердеска-член, Мартин Саздов - член, постапувајки по пријавата на Комисијата за натпревари бр. 15-2285/1 од 28.11.2017 против ФК Шкендија АД Тетово, поради користење пиротехнички средства (бакли и петарди), на натпреварот помеѓу ФК Ренова АД Тетово и ФК Шкендија АД Тетово во рамки на 17 коло од Прва МФЛ одигран на ден 26.11.2017 година во Тетово, врз основа на член 51 став 1,2 и 5, од ДП на ФФМ, на седницата одржана на 29.11.2017 година поведе дисциплинска постапка, а на седницата одржана на ден 07.12.2017 година ја донесе следната:

## О Д Л У К А

**1.** Фудбалскиот клуб ФК Шкендија АД Тетово **СЕ КАЗНУВА** со парична казна во висина од 750 (седумстотини и педесет) Евра, во денарска противвредност на денот на уплатата, поради сторен прекршок од член 51 став 1,2 и 5, од ДП од Дисциплинскиот правилник на ФФМ, на натпреварот помеѓу ФК Ренова АД Тетово и ФК Шкендија АД Тетово во рамки на 17 коло од Прва МФЛ одигран на ден 26.11.2017 година во Тетово.

**2.** **СЕ ЗАДОЛЖУВА** ФК Шкендија АД Тетово, по правосилност на оваа одлука да изврши уплата на паричната казна од став 1, на жиро сметка на ФФМ 200002504222317 Стопанска Банка АД Скопје.

**4.** Одлуката да се објави во Макфудбал.

## О б р а з л о ж е н и е

Дисциплинската Комисија постапувајки по пријавата на Комисијата за натпревари, против против ФК Шкендија АД Тетово, поради користење пиротехнички средства (бакли и петарди), на натпреварот помеѓу ФК Ренова АД Тетово и ФК Шкендија АД Тетово во рамки на 17 коло од Прва МФЛ одигран на ден 26.11.2017 година во Тетово, врз основа на член 51 став 1,2 и 5, од ДП на ФФМ, на седницата одржана на 29.11.2017 година поведе дисциплинска постапка.
ФК Шкендија АД Тетово, на ден 04.12.2017 година, достави изјава во врска со поведената постапка во која наведе дека навивачката група на клубот на конкретниот натпревар славел 25 години од своето постоење, за што клубот изјавува дека при организација на натпреварот се одржани состаноци и со клубот домаќин на натпреварот на кој биле договорени сите детали. Во однос

на употребата на пиротехнички средства за кој се товари клубот, нагласуваат дека имало спремана кореографија со безопасни предмети, чија употреба сметаат дека не претставувала опасност за предизвикување на штетни последици.
Врз основа на списите во предметот и тоа: Дисциплинска пријава, Записник од натпреварот, дополнителне делегатски извештај, Изјава од ФК Шкендија АД Тетово, Известување од ФК Шкендија бр. 0302-416 од 22.11.2017 година, Извештај од Комисија за безбедност на ФФМ. Комисијата ја утврди следната фактичка состојба: На ден 25.11.2017 година во рамки на 17 коло од Прва МФЛ, одигран е натпреварот помеѓу ФК Ренова АД Тетово и ФК Шкендија АД Тетов. Комисијата утврди од списите во предметот дека за конкретниот натпревар биле превземени подготвителни активности од сите инволвирани страни, посебно од клубот гостин, во соработка со клубот домаќин од причина што истиот има јубилејна важност за клубот, поточно за навивачката група на клубот кој на овој натпревар прославувала јубилеј од 25 години постоење. Во текот на натпреварот и тоа 25 минута од натпреварот од страна на навивачката група на ФК Шкендија биле запалени 5 бакли на терен позади голот на домашната екипа. Баклите се изгасени од страна на редарската служба и пожарникарите. Во 75 минута од натпреварот е изведен огномет кои не го попречил нормалниот тек на натпреварот, а од 80 до 90 минута биле фрлани книжни ролни кои биле отстранети од редарската служба и кои истотака не го попречиле нормалнито тек на натпреварот.
Дисциплинската комисија врз основа на вака утврдената фактичка состојба, оцени дека е направен прекршок согласно одредбата од член 51 став 1,2 и 5од Дисциплинскиот Правилник на ФФМ. Комисијата при одмерување на казната согласно член 3 од Дисциплинскиот правилник, ги зема во предвид сите олеснителни и отежителни околности што постојат во конкретниот случај, и од причина што од направените прекршоци не настанале и не биле предизвикани штетни последици, утврди дека постојат олеснителни околности и дека и со ублажена казна може да се постигне целта на казнувањето, по што изрече казна согласно член 3 како во диспозитивот.

**Фудбалска Федерација на Македонија**
**Дисциплинска Комисија**
**Претседавач**
**Арбен Борова с.р**

**ПРАВНА ПОУКА: Незадоволната страна има право да изјави жалба до Комисијата за жалби на ФФМ, преку оваа комисија во рок од 3 дена од денот на прием на оваа одлука, со уплата на такса во износ од 6.000.00 денари (физички лица)/12.000.00 денари (правни лица) на жиро сметка ФФМ 300000001599760 Комерцијална Банка АД Скопје.**

**ДН:**
**Ф.К.Шкендија АД Тетово**
**АРХИВА НА ФФМ**
**Макфудбал**
**Натпреварувачка**
**Судиска**

Деловоден бр. 0801-2285/4

# МАКФУДБАЛ

е стручно информативен лист на
ФУДБАЛСКАТА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА
излегува секоја СРЕДА во неделата

**Адреса: ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА**

Булевар „АСНОМ" 66
ПОШТЕНСКИ ФАХ 84
1000 СКОПЈЕ

ЖИРО СМЕТКА 300000001599760 - Комерцијална банка АД Скопје
Даночен број: 4030992177382

Телефон: 02/3204-470, 02/3129-291; Телефакс: 02/3165-448

Веб страна: **www.ffm.com.mk**
Е -маил: **ffm@ffm.com.mk**